# Поттикнување на примена на медијацијата и воспоставување балансирана врска помеѓу медијацијата и судската постапка

**Маргарита Стевкова Николовска**

**Медијатор**

# Поттикнување на медијацијата и баланс со судските постапки

**Закон за медијација** (Сл. весник бр. 294, 27.12.2021г.)

- усогласување со Директивата 2008/52/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 21 мај 2008 година за одредени аспекти на медијацијата во граѓанската и стопанската материја

**Цел на законот** (Член 2 од ЗМ и Член 1 од Директивата):

- да го олесни пристапот до алтернативно решавање на спорови и промовира пријателско решавање на спорови, **преку:**

- **поттикнување на употреба на медијација и**
- **гарантирање балансирана врска помеѓу медијацијата и судските постапки**

# Зошто поттикнување на медијацијата? (1)

## Медијацијата е успешен вонсудски начин на решавање спорови

Тоа е посредување и начин на решавање на споровите настанати меѓу две или повеќе страни во спорот, при што им се овозможува истиот да го решат по пат на мирење, со посредство на трета неутрална страна, медијатор, со можност да постигнат заемно прифатлива писмена спогодба.

## Медијацијата е стратешка цел на државата

Правосудството и фундаменталните права (Поглавје 23, еден од темелите на пристапниот процес) кое се мери преку Функционирање на правосудство и Квалитет на правдата, ја вклучува и Медијацијата. Пристапот до правдата, односно правосудството, е едно од основните начела за кое Европскиот Совет, на состанокот во Тампере 1999г. ги повика државите да оформат алтернативни, вонсудски постапки заради овозможување на подобар пристап до правдата/ правосудството.

# Зошто поттикнување на медијацијата? (2)

**Каква е состојбата:** Извештајот на ЕУ од 2021г. за напредокот на земјата во врска медијацијата утврдува дека се потребни **постојани напори за промовирање** на употребата на алтернативно решавање спорови, вклучувајќи ги и трговските предмети.

## Како да се поттикне:

**Стратешки пристап**: Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017 – 2021г.

**Програмски пристап**: Програми на Владата, Врховниот суд, Судскиот совет

**Кампањи** за зголемување на свеста за медијацијата кај правосудните органи, јавните органи, граѓаните (Има Решение, 2022г.)

**Законски решенија**: преку задолжителност на медијацијата и стимулации

# Баланс: медијацијата – судски постапки (1)

## Каква е состојбата?

## Број на предмети:

- **Судски постапки 2021г.**: 600.000 (од кои 100.000 останале не решени)
- **Постапки на медијација 2021г.**: “700” (2017-2021 вкупно 3.500 за 5г, просечно 700 за 1 г.)

**0.1 %** постапки за медијација во однос на судски постапки на годишно ниво

или 1 медијација на 1.000 судски постапки

## Успешност на медијациите:

- 2017-2021г. од вкупно 3.500 за 5г, 1.730 завршиле со спогодба (скоро 50% успешност)

# Баланс: медијацијата – судски постапки (2)

## Како може да се подобри балансот?

според начинот на поведување медијацијата може да се одвива како:

- **Законска -** да се прошири задолжителноста
- **Договорна -** да се предвиди во облигационите договори
- **Доброволна –** да се зголеми довербата

Доколку законската медијација е одредена, договорната предодредена, судовите имаат клучна улога (како и адвокатите, нотарите и други) да им укажат на страните во спорт на можноста, но и предностите за примена на медијацијата

# Баланс: медијацијата – судски постапки (3)

## Практични аспекти

### Број на судии – медијатори

- **Судии 2021г.**: 490 (во просек по 1.000 предмети, околу 83 предмети месечно по судија)
- **Медијатори 2021г.**: 46 (во просек 15 медијации, нешто повеќе од 1 месечно по медијатор)

### Ограничен буџет

Однос прилив од судски такси – државен буџет
Предност во буџетот да се даде на предмети за кои не може да се предвиди медијација

Опсежни истражувања во ЕУ укажуваат дека медијацијата има голем потенцијал и доколку се воспостави балансиран однос помеѓу медијацијата и судските постапки можат да се заштедат милионски финансиски средства и неброено многу денови непотребно парничење секоја година.

# Баланс: медијацијата – судски постапки (4)

## Суштински аспекти

**Широка примена** семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни спорови; имотно правни спорови што произлегуваат од оставински постапки, спорови што произлегуваат од постапките на нотарски платни налози, спорови од областа на образованието, безбедност и здравје при работа, здравствената заштита, заштитата на животната средина, дискриминацијата, граѓанска одговорност за навреда и клевета, и

во други спорни односи (каде што медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно разрешување настанати меѓу домашни и/или странски физички и правни лица).

**Во сите овие области важат истите правила за медијација**

**Се работи за истите спорови, граѓани, фирми, јавни органи...**

# Благодарам

**Маргарита Стевкова Николовска**
**Медијатор**